# 6. Бојаровци

**Бојаровци** е **нов род** во Лешок, а кој го викаме и **Ранчани** или Ѓоргooj. Домашна слава е **Митровден**. Куќи имаат во новата Викенд населба на исток од Лешочка река, под Стар Манастир, карши Јанеско. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 18, стр. 30 и Р. бр. 25, стр. 79-85).
Ова е нов род, во Лешок, кои се доселија 1949 година, по Граѓанската војна во Грција и потекнуваат од селото Ранци, Каљарско, Егејска Македонија. Во Лешок најправо беа сместени десетина фамилии и децата учеа и основно училиште во Лешок и некои останаа да живеат во Лешок.
Не ми е познато дали името на родот Бојаровци, произлегува од боја и боење или од славното минато и водење бој, борба со непријателите, за што потомците треба да истражат.
Се сеќавам на Ламбо, кој знаеше со свирење да ги примами и да ги фати живи змии и смокови.
Од Ранци има повеќе родови. Јас подобро ги познавам Ангел Бојаровски со четирите сина Ристо, Џоџо, Илија и Бранко, потоа, браќата Стојче и Методија Тошевски, Вангел Теговски, Ламбо и др.
Ангел Бојаровски кога се раселувале со себе го носел и Илинденското знаме на Ранчаните и потоа го предал на Архивот на Македонија. Види, родовите во Лешок и Ранчани, кои 1948/49 година по Граѓанската војна во Грција се доселија од селото Ранци, Егејска Македонија во Лешок. ( Р. бр. 1 и 22, стр, 148-158 во ТОМ-1 и Р. бр. 8, стр. 99-100, 126 - 133, и 150-151 ).
Ристо Бојаровски со сопругата Радојка имаат син Бојан и ќерки Билјана и Драгица, Џоџо има два сина Војче и Тихомир и ќерка Елена, Илија има ќерка Наташа и син Александар и Бранко со сопругата Нада имаат син Ангел и ќерка Марија.
По некоја година од овој род Ангел Бојаровски со синовите Џоџо, Илија, Ристо и Бранко изградија куќи во новата Викенд населба во Лешок. За Ангел и неговото семјество Бојарорвски, има кратка биографија во книгата Лица од Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 88-89).
За селото Ранци, книга - Монографија напиша Вангел Теговски.
Од Ранци се браќата Методија и Стојче Тошевски и сестрата Јелица. Методија Тошевски, роден во Ранци, напиша неколку книги, кои се однесуваат за животот и традициите на македонците од Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, а јас би ја споменал книгата под наслов, ЈАСКА. Потоа, Стојче Тошевски, професор и композитор напиша повеќе композиции за сериозна музика. ( Р. бр. 19, стр. 50 - 55 и Р. бр. 25, стр.139-140, 157-158 и 183-185).
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 30, 93, 206, 211, 212 и 223 ), **Бојаровци, Јаска, Ранчани, род, рот, слава,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Ангел + | Ристо | Џоџо | Бранко | Ангеле | Биљана | Бојан | |

# 7. Бошкооj

**Бошкооj** е **нов род** од Лешок, кои се доселени од Варвара, а го слават **Св. Аранѓел**. Куќи имаат во Долно маало. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 18, стр. 32 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).
**Душан** Милошевски од родот Бошкооj прв се преселува во Лешок, во Долно маало и изгради куќа, кај што бил Чифликот. Душан е син на Трпо од родот Бошкооj од Варвара. Душан со сопругата Цена од Брезно имал четири деца: Душан, Иљо, Блаже и Нада. Второт син Илија (Иљо)

Милошевски се преселува во Теарце, каде беше учител во Осмолетката и мене ми беше наставник по хемија. Блаже се отселува во Белград и Нада е мажена во Жилче.
Душан има три деца: Трипун, Воислав и Оливера. Трипун Милошевски има два сина: Душко и Бобан. Душко Милошевски има ќерка Миа, а Бобан Милошевски е во Германија и има ќерка Михаела. Воислав е починат и има ќерка Марина и син Живко и Оливера, ќерката на Душан е омажена во Крива Паланка и има син Огнен и ќерка Марија.
**Илија** Милошевски има два сина: Мирче и Ванчо. Мирче живее во Скопје, а Ванчо е во Германија. Мирче има ќерка Јагода и син Христијан, а Јагода има син Ведран. Ванчо има ќерка Михаела и Мартина, која има син Матеј. Јас двата сина на Илија Милошевски не ги знев. Во октомври 2025 стапив во телефонски контакт со синот Мирче, кој е во Теарце, беше многу љубезен и ми даде податоци и фотографии за нивното семејство.
Би сакал да запишам дека во Осмолетката во Теарце со мене учеа деца од Варвара (Ангелковски Јордан, Ристовска Душанка и Стојчевска Тодорка) и за моите соученици и учители во Осмолетката Кирил Пејчиновиќ, Теарце, напишав посебно поглавие во книгата од март 2024, Види, (Р. бр. 19, стр. 57-66 и 67-74 ).
Од родот Бошкооj од Варвара е Илија (Иљо) Милошевски (1936-2022), кој ми беше учител-наставник во Осмолетката Кирил Пејчиновиќ во Теарце. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-158 во ТОМ -1, Р. бр. 8, стр. 98, и Р. бр. 12 и 14, стр. 80-89 и 90-94 ).
Напишав и посебен текст и за Митко Блажевски (1927-2008) од Прнџооj, по, кого кумот Косто и кумата од Слатина, ме крстиле со името Митко: *Да поем убоо, ка, што поел и Митко - Прнџо от Варвара*. Фала му на Господа што ме обдари да свирим на гитара и мандолина и убаво да поем, како аџо Митко Блажевски-Прнџо од Варвара. Види, Биографија за Митко. ( Р. бр. 25, стр.142-143).
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 32, 37-39, 200, 211-212, 223, 258 и 276 ), **Бошкооj, Варвара, Прнџооj, род, слава, учитељ, Чифљиг,**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  | |
| Душан + | Илија + | Трипун | Мирче | Боби | Живко | |

# 8. Брезјани

**Брезјани** се **нов род** во Лешок, доселен од родот Дивљачооj од Брезно. Домашна слава е Св. Аранѓел. Куќата им е во Тенеќе маало. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 18, стр. 32- 33 и 61 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).
По православното учење, овој род треба и во Лешок да се ословува Дивљачооj, но, ете ние ги викаме Брезјани. Прв доселеник во Лешок е Стојан од Брезно, кој е посинет кај тетка му Коцана, мажена во Дабоќееj од Лешок и по него се формира новиот род Брезјани.
Стојан има три сина: Трипун, Ладе и Атанас и две ќерки: Душанка и Верка. Јас ги знам Трипун и Атанас, а за Ладе не се сеќавам.
Трипун е женет со Нада, ќерка од Форче Богдановски од родот Цинцарооj и се сели во Белград. Трипун има син Петар и ќерка Олга.
Ладе (Владо) е женет и има две ќерки Борка и Радојка и се сели во Ѓорче Петров.